Врз основа на член 15 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002; 85/2003; 40/2004; 113/2005; 29/2007 и 88/2008) и член 26 став (3) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување , донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПЕНЗИСКИ ДРУШТВА

**(неофицијален пречистен текст)**
**(„Службен весник на Република Македонија"бр.138/2008, 154/2010 и 45/2011)**

### Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат условите за основање на друштва за управување со задолжителни пензиски фондови утврдени со член 14 и 15 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и условите за основање на друштва за управување со доброволни пензиски фондови и друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови од член 24, 25 и 26 став (1) и (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, од страна на домашни и странски правни лица.

### Член 2

Друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со доброволни пензиски фондови и друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст пензиско друштво) може да основа едно правно лице или група правни лица – домашни или странски, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување

### Член 3

(1) Исто правно лице (без оглед дали е едно правно лице или група правни лица) може да биде основач односно акционер само на едно друштво за управување со задолжителни пензиски фондови.

(2) Исто правно лице (без оглед дали е едно правно лице или група правни лица) може да биде основач односно акционер само на едно друштво за управување со доброволни пензиски фондови.

(3) Исто правно лице (без оглед дали е едно правно лице или група правни лица) може да биде основач односно акционер само на едно друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

### Член 4

(1) Поврзани правни лица дефинирани според член 3 став (1) точка 5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување можат

заедно да бидат основачи односно акционери само на едно друштво за управување со задолжителни пензиски фондови.

(2) Поврзани правни лица дефинирани според член 4 став (1) точка 12 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување можат заедно да бидат основачи односно акционери само на едно друштво за управување со доброволни пензиски фондови.

(3) Поврзани правни лица дефинирани според член 4 став (1) точка 12 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување можат заедно да бидат основачи односно акционери само на едно друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

**Член 5**

51% или повеќе од основната главнина на пензиското друштво поседува едно правно лице или група на правни лица кои дејствуваат заеднички согласно Законот за трговски друштва.

**Член 6**

(1) Друштво за управување со задолжителни пензиски фондови со седиште во Република Македонија не може да биде акционер во друштво за управување со доброволни пензиски фондови ниту во друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови со седиште во Република Македонија.

(2) Акционер на друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови не може да биде акционер ниту во друштво за управување со задолжителни пензиски фондови ниту во друштво за управување со доброволни пензиски фондови.

(3) Акционер на друштво за управување со доброволни пензиски фондови може да биде акционер во друштво за управување со задолжителни пензиски фондови.

**Член 7**

Доколку дојде до промена на воспоставените односи од член 3, 4. 5 и 6 на овој правилник, односно:

а) ако некој од основачите на едно друштво за управување со задолжителни пензиски фондови се спои или изврши друга статусна промена со основач на друго друштво за управување со задолжителни пензиски фондови по издавањето на дозволата за основање на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови и одобрението за управување со задолжителни пензиски фондови, тој основач:

- веднаш ја известува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за тоа спојување или друга статусна промена, и

- доколку постојат само две друштва за управување со задолжителни пензиски фондови, во рок од шест месеци по спојувањето или статусната промена треба да ги оттуѓи сите свои акции во едно од друштвата за управување со задолжителни пензиски фондови, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

- доколку постојат повеќе од две друштва за управување со задолжителни пензиски фондови, во рок од шест месеци по спојувањето или друга статусната промена треба да ги оттуѓи сите свои акции во едно од друштвата за управување со задолжителни пензиски фондови или да изврши спојување на двете друштва за управување со задолжителни пензиски фондови и двата задолжителни пензиски фонда, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

б) ако некој од основачите на едно друштво за управување со доброволни пензиски фондови се спои или изврши друга статусна промена со основач на друго друштво за управување со доброволни пензиски фондови по издавањето на дозволата за основање на друштво за управување со доброволни пензиски фондови и одобрението за управување со доброволни пензиски фондови, тој основач:

- веднаш ја известува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за тоа спојување или другата статусна промена, и

- во рок од шест месеци по спојувањето или другата статусна промена треба да ги оттуѓи сите свои акции во едно од друштвата за управување со доброволни пензиски фондови или да ги спои друштвата за управување со доброволни пензиски фондови и доброволните пензиските фондови , согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

в) ако некој од основачите на едно друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови се спои или изврши друга статусна промена со основач на друго друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови по издавањето на дозволата за основање на друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и одобрението за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, тој основач:

- веднаш ја известува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за тоа спојување или другата статусна промена, и

- е во рок од шест месеци по спојувањето или другата статусна промена треба да ги оттуѓи сите свои акции во едно од друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови или да ги спои друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и задолжителните и доброволните пензиските фондови, согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

## Член 8

(1) Основачите кои ќе поседуваат 51% или повеќе од основачкиот капитал на пензиското друштво, се финансиски институции. Финансиски институции се банки, друштва за осигурување, друштва за управување со инвестициони фондови, друштва за управување со пензиски фондови, друштва за управување со средства и други финансиски институции кои имаат дозвола за работа. Доколку нема основач или основачи кои поседуваат 51% од основната главнина на пензиското друштво, тогаш сите основачи го исполнуваат овој услов.

(2) Освен финансиските институции од став (1) на овој член, основачи или дел од група на основачи кои ќе поседуваат 51% или повеќе од основачкиот капитал на пензиското друштво, може да бидат правни лица кои поседуваат повеќе од 50% од акциите со право на управување во една или повеќе од финансиските институции кои ги исполнуваат условите за основачи од став (1) од овој член и условите за основачи од член 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 од овој правилник.

### Член 9

(1) Кога основач на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или основач на друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е едно правно лице, тоа треба да има главнина (дефиниран со закон и/или дефиниран од орган под чија јурисдикција е тоа правно лице) во износ од најмалку 20.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пријавување за дозвола.

(2) Кога основач на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или основач на друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, е група правни лица, секое поединечно правно лице од групата треба да има главнина (дефиниран со закон и/или дефиниран од орган под чија јурисдикција е секое поединечно правно лице) во износ од најмалку 20.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пријавување за дозвола;

(3) Кога основач на друштво за управување со доброволни пензиски фондови е едно правно лице кое поседува 51% или повеќе од основната главнина на друштвото, тоа правно лице треба да има:

а) сопствени средства најмалку во износ од 9.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пријавување за дозвола, доколку е банка;

б) основна главнина најмалку во износ од 3.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пријавување за дозвола, доколку е друштво за осигурување;

в) основна главнина најмалку во износ од 500.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пријавување за дозвола, доколку е друштво за управување со инвестициони фондови;

г) основна главнина најмалку во износ од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пријавување за дозвола, доколку е странско друштво за управување со пензиски фондови; и

д) основна главнина најмалку во износ од 5.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пријавување за дозвола, за останати финансиски институции.

(4) Износот на главнината од став (2) на овој член и износот на сопствените средства односно основната главина од став (3) на овој член треба да биде потврден од страна на надворешен овластен ревизор.

(5) Кога основач на друштво за управување со доброволни пензиски фондови е група правни лица која поседува 51% или повеќе од основната главнина

на друштвото за управување со доброволни пензиски фондови секое поединечно правно лице од групата соодветно треба да ги исполнува условите од став (3) од овој член.

### Член 10

Основач на пензиско друштво може да биде само правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија или странско правно лице регистрирано согласно законите на земјата во која е основано за период од најмалку три фискални години пред датумот на пријавување за дозвола.

### Член 11

(1) Кога основач на пензиско друштво е едно правно лице, тоа правно лице треба да ги исполнува условите за солвентност (дефинирани со закон и/или дефинирани од орган под чија јурисдикција е тоа правно лице) во секој момент во текот на три последователни фискални години работење кои претходат на датумот на пријавување за дозвола.

(2) Кога основач на пензиско друштво е група правни лица, секое поединечно правно лице треба да ги исполнува условите за солвентност (дефинирани со закон и/или дефинирани од орган под чија јурисдикција е секое поединечно правно лице) во секој момент во текот на три последователни фискални години на работење кои претходат на датумот на пријавување на групата за добивање дозвола.

### Член 12

За надворешни овластени ревизори во смисла на овој правилник се сметаат: Deloiite and Touche, Ernste and Joung, KPMG Pricewatrherhouse Co.

### Член 13

(1) Правното лице, односно групата правни лица основачи на пензиско друштво треба да има постојан менаџерски тим (орган на управување) составен од компетентни, стручни и искусни лица, кој има и лица одговорни за: правни работи, внатрешна ревизија, маркетинг, управување со средства и сметководство.

(2) Под компентентни, стручни и искусни лица во смисла на став 1 на овој член се сметаат лица кои имаат:

а) високо образование односно прв циклус на студии според ЕКТС од акредитирана високообразовна установа, и

б) најмалку пет години релевантно искуство поврзано со управување со пензиски фонд, во друштво за управување со средства, банка, осигурително друштво или друго друштво за финансиски услуги или три години работно искуство како лице со посебни права и одговорности во наведените институции.

### Член 14

(1) За реномирани меѓународни кредитни рејтинг агенции во смисла на овој правилник, за било кое странско правно лице, се сметаат: Moody's Investor Services, Inc. ("Moody's"), Standard&Poors Corp. ("S&P") или Fitch IBCA ("Fitch").

(2) Покрај агенциите од став (1) на овој член, како реномирани меѓународни кредитни рејтинг агенциии се сметаат и:

а) A.M.Best Co. ("Best"), кога се работи за осигурителни компании и

б) Dun & Bradstreet, кога се работи за други финансиски институции или правни лица.

**Член 15**

Рејтинг препорачлив за инвестирање (credit rating “investment grade”), за банки, во смисла на член 15 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и во смисла на член 26 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, се смета:

а) Fitch: International Long-Term Credit Rating BBB- или повисок;

б) Moody's: Long-Term Obligation Rating Baa3 или повисок или Bank Financial Strength Ratings B- или повисок; и

в) S&P: Issuer Credit Rating BBB- или повисок или Bank Fundamental Strength Rating Definitions B- или повисок.

**Член 16**

Рејтинг препорачлив за инвестирање (credit rating ”investment grade”), за осигурителни компании, во смисла на член 15 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и во смисла на член 26 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, се смета:

а) Fitch: International Long-Term Credit Rating или Insurer Financial Strength Rating BBB- или повисок;

б) Moody’s: Long-Term Obligation Rating или Insurance Financial Strength rating Baa3 или повисок;

в) S&P: Issuer Credit Rating или Insurer Financial Strength Rating BBB- или повисок; и

г) Best: Financial Strength Rating B+ или повисок.

**Член 17**

Рејтинг препорачлив за инвестирање (investment grade rating), за било која друга финансиска институција или друго правно лице (вклучувајќи и друштво за управување со средства) кое не е банка или осигурителна компанија, во смисла на член 15 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и во смисла на член 26 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, се смета ако:

а) таа финансиска институција или правно лице има рејтинг:

- Fitch: International Long-Term Credit Rating BBB- или повисок или Asset Management Rating M2- или повисок;
- Moody's: Long-Term Obligation Rating Baa3 или повисок или Investment Manager Quality Rating MQ2 или повисок;
- S&P: Issuer Credit Rating BBB- или повисок;
- Dun & Bradstreet: Financial Strength Indicator: Based on Net Worth 2A или повисок или Financial Strength Indicator Based on Issued Capital Figure 2AA или повисок и за Condition Code or Risk Indicator најмногу 2.

б) тоа правно лице или институција е меѓународна мултилатерална финансиска институција, во сопственост на држави акционери, а нејзиниот надреден неосигурен долг (Senior Unsecured Debt) има рејтинг или AAA од Fitch или Aaa од Moody's или AAA од S&P.

**Член 18**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за поблиските услови за основање на друштва за управување со пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2004).

**Член 19**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 20**

(Член 4 од „Службен весник на Република Македонија"бр. 154/2010)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 21**

(Член 3 од „Службен весник на Република Македонија"бр. 45/2011)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Претседател на Управниот одбор,
Анета Димовска, с.р.